Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-3935/1
25.09.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP



# *СТУДИЈА*

*за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на Општина Битола*

## Содржина

Вовед .......... 3
Постојна програмска понуда .......... 4
Економско работење на постојните радиостаници и потенцијал на пазарот .......... 7
Заклучок .......... 8

## Вовед

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) ја изработи оваа студија по доставено барање од заинтересирана страна (правното лице КАМАЈ МЕДИА ДООЕЛ од Битола) за добивање дозвола за радиоемитување на подрачјето на Општина Битола, а целта е да се утврди дали постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за локално радио на ова подрачје. Со доставеното Барање (наш бр. 0803-680/1 од 09.02.2024 година) подносителот покажува интерес *„за радио сервис без музика, само со говорни емисии (talk radio) кои ќе покриваат различни теми од културно-забавна, научна, општествено-политичка и технолошка област“*.

Имајќи го предвид добиеното Барање, на 13.02.2024 година АВМУ се обрати до Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) и побара информација дали има слободна фреквенција за подрачјето на Битола. Според одговорот од АЕК (наш бр. 0803-680/5 од 04.03.2024 година), слободна фреквенција има, а начелни параметри според кои треба да се изработи техничкото решение за покривање на Општина Битола се следните: Ефективна иззрачена моќност: 200 W; Фреквенција: 100.5 MHz; Локација на предавател: Тумбе Кафе.

Согласно член 70 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, *„Доколку согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите, или Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс се утврди дека има слободни радиофреквенции, или капацитети Агенцијата ќе изработи студија со која ќе ја утврди оправданоста за објавување на јавен конкурс, а особено од аспект на исполнувањето на целта на овој закон, како и од аспект на потребите на публиката“.* Агенцијата беше должна да ја изработи студијата во рок од три месеци од денот на приемот на Барањето од заинтересираната страна и да ја објави на својата веб страница, но нејзината изработка беше одложена бидејќи на 14.02.2024 година беа распишани претседателски и парламентарни избори, кои се одржаа на 24-ти април и на 8-ми мај. По завршувањето на изборите и конституирањето на Владата, на 24.06.2024 година Агенцијата побара од КАМАЈ МЕДИА ДООЕЛ Битола (допис бр. 08-680/6 од 24.06.2024 година) да се изјасни дали сè уште е заинтересиран за добивањето дозвола за радиоемитување, на што барателот потврдно се изјасни на 26.06.2024 година.

За да може да одговори на целта за која се изработува, во оваа студија се анализирани постојната радиска понуда во Битола, пазарниот потенцијал, односно потенцијалната публика и потенцијалните огласувачи, како и економските перформанси на постоечките радија во периодот од 2021 до 2023 година.

## Постојна програмска понуда

На подрачјето на Општина Битола радиопрограма емитуваат три локални радија - две комерцијални и едно непрофитно, и тоа:

- Трговско радиодифузно друштво РАДИО 106 Битола ДООЕЛ;
- Трговско Радио-Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола; и
- Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УКЛО ФМ БИТОЛА.

Радиостаниците 106 и Б-97 се музичко-говорни радија од општ формат. Според „Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите[1]“, кај радијата со ваков формат застапеноста на говорните содржини во вкупната неделна програма е над 5% до 15%, а емитуваната музика е од различни музички жанрови и ниту еден од нив не е застапен со повеќе од 70% во вкупно емитуваната музика на неделно ниво. Непрофитната радиостаница УКЛО ФМ функционира како посебна организациона единица во рамки на Универзитетот „Св. Климент Охридски” во Битола и овој програмски сервис е наменет за задоволување на специфичните потреби и интереси на студентската популација на подрачјето на Битола.

Сите три радиостаници емитуваат по 168 часа програма неделно. Според програмските концепти кои тие ги доставиле во Агенцијата во 2014 година при доделувањето на дозволите, најмногу говорни содржини и најмногу музика во текот на неделата пријавило дека ќе емитува РА УКЛО ФМ (21 час говор и 143 часа и 30 минути музика).

**Структура на планираната неделна програма**

| Структура | Времетраење | | |
|---|---|---|---|
| | РА 106 | РА Б-97 | РА УКЛО ФМ |
| Говорен дел | 14:40:00 | 15:00:00 | 21:00:00 |
| Музика | 129:11:00 | 138:00:00 | 143:30:00 |
| Други програмски сегменти | 24:09:00 | 15:00:00 | 3:30:00 |

Неделно, трите радија заедно емитуваат вкупно 50 часа и 40 минути говорни содржини. Говорниот дел кај сите три се емитува на македонски јазик.

[1] Достапен на веб страницата на Агенцијата, на следниот линк: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Pravilnik_za_formatite_na_programskite_servisi.pdf

**Структура на говорниот дел од планираната неделна програма**

| Видови програми | | Времетраење по вид програма (часови и минути) РА 106 | РА Б-97 | РА УКЛО ФМ |
|---|---|---|---|---|
| Информативна функција | Вести/ТВ дневници | 02:30:00 | 03:00:00 | 00:50:00 |
| | Актуелно-информативна програма | | | 01:20:00 |
| | Актуелно-информативна програма со документаристички пристап | | | |
| | Актуелно-информативна говорна шоу програма | | | |
| | Преноси или снимки од седници на органите на власта | | | |
| | Преноси или снимки од општествено-политички настани | | | |
| | Информативни магазини | | | |
| | Специјализирани информативни емисии | | | 00:30:00 |
| | Информативно-забавна програма | | 02:00:00 | 03:30:00 |
| | Инфо-сервис | 01:30:00 | 02:00:00 | |
| | Информативна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки | 01:00:00 | | 00:50:00 |
| | Друга информативна програма | | 01:00:00 | |
| Образовна функција | Образовна програма | | 00:30:00 | 01:30:00 |
| | Образовно-забавна програма | | | 01:00:00 |
| | Образовно-забавна програма за физичка култура и рекреација | | | |
| | Документарна програма | | 00:30:00 | |
| | Документарно-забавна програма | | | |
| | Образовна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки | | | 00:20:00 |
| | Документарна програма со религиозна тематика | | | |
| | Друга образовна програма | 00:20:00 | | |
| Забавна функција | Забавно-информативна | 03:07:00 | 03:00:00 | |
| | Забавна говорна шоу програма | 02:11:00 | 02:00:00 | |
| | Забавно-образовна програма | 01:40:00 | | |
| | Забавно-документарна програма | | | |
| | Програми со хороскоп/тарот/јасновидци или толкување соништа | | | |
| | Спортска програма (пренос или снимка од спортски натпревари или настани и спортски магазини) | 01:03:00 | 01:00:00 | 00:10:00 |
| | Радио драма (серии, серијали, хумор и сатира) | | | |
| | Музичка програма (музичко-говорни програмски целини, снимки и преноси од концерти, музички фестивали, опера и слично, музички спотови, музичка реалистична програма) | | | 11:00:00 |
| | Игри (натпревари со ниска продукциска вредност, натпревари со висока продукциска вредност, квизови, игри на среќа и наградни игри) | | | |
| | Друга забавна програма | 01:19:00 | | |
| Вкупно | | **14:40:00** | **15:00:00** | **21:00:00** |

Радиостаницата 106 пријавила дека говорниот дел од програмата ќе изнесува 14 часа и 40 минути во текот на една недела, и дека само два часа од нив ќе се емитуваат програми што третираат настани, информации и други содржини од значење за подрачјето во кое се емитува програмскиот сервис, и тоа еден час програми со информативна функција и еден час програми со забавна функција. Во Извештајот за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радиоемитување во 2023 година, радио 106 не посочило наслови на програмски содржини од локален карактер што биле емитувани во извештајната година.

РА Б-97 пријавило дека во текот на една недела ќе емитува 15 часа говорни содржини. И ова радио пријавило дека само два часа од говорните содржини ќе бидат програми што третираат настани, информации и други содржини од значење за подрачјето во кое се емитува програмскиот сервис. Програмите во овие два часа ја исполнуваат информативната медиумска функција. Според податоците од Извештајот за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радиоемитување, во 2023 година радио Б-97 ги емитувало информативните програми „Без дневен ред“, „Полиграф“ и „Културни вибрации“ и забавната програма „Поезија“.

Според програмските концепти од 2014 година, трите радиостаници заедно емитуваат 410 часа и 41 минута музика, од кои 143 часа и 30 минути емитува РА УКЛО ФМ, 138 часа РА Б-97 и 129 часа и 11 минути РА 106.

РА 106 пријавило дека ќе емитува само популарна (забавна) музика. Од аспект на жанровската понуда, доминантен жанр е поп музиката (60%), а подеднакво застапени (со по 15% секоја) се рок/рок енд рол и електронската, односно техно музиката. Најголем дел (75%) од музиката на програмскиот сервис на РА Б-97 е забавна. Од жанровите кои припаѓаат на овој вид музика радиото емитува само поп и рок музика. Од народната пак, радиостаницата емитува само етно музика. РА УКЛО ФМ пријавило најголема разновидност на неделно емитуваната музика. Најзастапен жанр кај оваа радиостаница е поп музиката (74%). Емитуваната музика на РА Б-97 е исклучиво на македонски јазик, кај РА УКЛО ФМ речиси половина од музиката е на македонски јазик, додека кај РА 106 доминира англиската музика.

## Економско работење на постојните радиостаници и потенцијал на пазарот

Вкупните приходи што во 2023 година ги оствариле двете битолски радиостаници (РА Б-97 и РА 106) изнесувале 1,6 милиони денари. Забележливи се значителни разлики помеѓу нивните поединечни приходи, односно РА 106 остварило 1,33 милиони денари, а РА Б-97 само 0,27 милиони денари. Приходите што во секоја од последните три години ги остварувало РА 106 биле неколку пати повисоки од оние на РА Б-97. Во однос на 2022 година, РА 106 остварило повисоки, а РА Б-97 пониски вкупни приходи.

**Движење на вкупните приходи во последните три години (во милиони денари)**




За двете радиостаници најзначаен извор на финансирање секоја година биле приходите остварени од продажба на времето за рекламирање. Во секоја од последните три години РА Б-97 работело со загуба, а РА 106 остварувало минимални добивки.

**Финансиски резултат од работењето во последните три години (во денари)**

| | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|
| РА 106 | 316.480,00 | 2.309,00 | 2.110,00 |
| РА Б-97 | -366.638,00 | - 436.157,00 | -805.814,00 |

Општина Битола и според бројот на населението (85.164)[2] и според бројот на активните деловни субјекти (3,539)[3] е на второто место во Македонија. Повеќе население има само Куманово (98.104), а повеќе активни деловни субјекти само Тетово (3.716).

[2] Податоците се согласно Пописот на населението, домаќинствата и становите во 2021 година и истите се достапни на веб страната на Државниот завод за статистика, на следниот линк: https://www.stat.gov.mk/publikacii/2022/POPIS_DZS_web_MK.pdf
[3]Податоците се достапни на следниот линк: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__DelovniSubj__AktDelovniSubjekti/400_Delovni_Reg_Ops_Golemina_Vraboteni_ml.px/table/tableViewLayout2/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

Иако потенцијалот на пазарот, попрецизно потенцијалната публика (85.164 потенцијални слушатели) и потенцијалните огласувачи (3.539 активни деловни субјекти) е значаен, двете битолски радиостаници остваруваат многу пониски приходи од радиостаниците што работат во општини со послаб потенцијал на пазарот. За споредба, двете радиостаници во Прилеп (со 69.025 резидентно население и 2.567 активни деловни субјекти) во 2023 година оствариле вкупни приходи во износ од 2,91 милион денари. Двете радиостаници во Струмица (со 49.995 жители и 2.285 активни деловни субјекти) оствариле 3,88 милиони денари, а приходите на двете радиостаници во Кавадарци (со 35.733 жители и 1.648 активни деловни субјекти) изнесувале 4,1 милиони денари. Во Струга (со 50.980 резидентно население и 2.159 активни деловни субјекти), каде исто така емитуваат програма две локални радиостаници, вкупните приходи во 2023 година изнесувале 2,06 милиони денари.

## Заклучок

При изработката на оваа студија, покрај постојната медиумска понуда и потенцијалот на пазарот, Агенцијата ја имаше предвид и важната општествена функција на локалните медиуми, чие значење, пред сè се огледа во понудата на информации за случувањата во рамките на подрачјето што тие го покриваат, како и во фактот дека тие треба да претставуваат платформа каде што ќе се отвораат значајни прашања за конкретните проблеми со коишто се среќаваат граѓаните во соодветното подрачје, ќе се води отворена дебата за нив и за начините за нивно надминување, што треба да доведе до подобрување на квалитетот на животните услови во тоа подрачје.

На подрачјето на општина Битола програма емитуваат две локални радиостаници (РА Б-97 и РА 106). Двете се музичко-говорни радија од општ формат и во текот на една недела емитуваат по само два часа програмски содржини што третираат настани, информации и други содржини од значење за локалното подрачје.

Анализата на нивното економско работење во последните три години покажа дека потенцијалот на пазарот не е оптимално искористен. И покрај тоа што Битола има значајна потенцијална публика (85.164 резидентно население) и потенцијални огласувачи (3.539 активни деловни субјекти), овие две радиостаници прикажуваат пониски приходи отколку радиостаниците во општини со далеку помал потенцијал на пазарот.

Наодите од оваа студија покажуваат дека **постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на Општина Битола, и тоа за програмски сервис говорно радио од општ формат во кое застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции.**

Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги
Директор,

____________________

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ